Република Македонија
**Министерство за здравство**

Бр. 07-8289/2

08-10-2014 2014 година

Скопје
Министерство за здравство

50-та скк ија б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија

**До:**

**ЈЗУ Здравствен дом**

**Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево,Кочани,Крива Паланка Куманово,Охрид,Прилеп,Струга,Струмица,Тетово, Велес, Штип, Берово, Македонски брод, Валандово, Вевчани, Виница, Делчево, Демир Хисар, Кратово, Крушево, Неготино, Пехчево, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Ростуше, Свети Николе, Скопје, Битола и Здравствена станица Липково**

**Предмет : Известување**

Почитувани,

Министерството за здравство Ве известува дека министерот за здравство донесе Правилник за организацијата и начинот на вршење на работите на итната медицинска помош, кој стапи во сила со денот на неговото донесување, поради што јавните здравствени установи кои вршат здравствена дејност на примарно ниво на здравствена заштита се должни да ја усогласат својата работа во делот на вршење на работите на итната медицинска помош со одредбите од овој Правилник.

Во прилог на дописот Ви доставуваме примерок од Правилник за организацијата и начинот на вршење на работите на итната медицинска помош, бр. 07-8289/1 од 10.09.2014 год.

**Министер,**
**Никола ТОДОРОВ**

Изготвил: д-р Катица Томановиќ-Атанасовска
Одобрил: Татјана Васиќ Бозаџиева

Република Македонија
Министерство за здравство
Јавна здравствена установа
Здравствен дом „Гоце Делчев"
Бр. 03-548/1
09 10 2014 год.

Бр. 07-18891/
10-09-2014 2014г
Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија 6,6,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

Врз основа на член 53 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13 ,39/14 и 43/14), министерот за здравство донесе

## Правилник за организацијата и начинот на вршење на работите на итната медицинска помош

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат организацијата и начинот на вршење на работите од итна медицинска помош во Република Македонија.

### Член 2

Заради вршење на дејноста на итна медицинска помош јавните здравствени установи на примарно ниво воспоставуваат функционален систем на организација на итната медицинска помош организиран на начин во секое време и во најкраток рок од настанувањето на итната состојба до почетокот на дијагностичките и терапевтските постапки да им се овозможи континуирано итно медицинско згрижување на луѓето на кои поради болест, медицинска состојба или повреда непосредно им е загрозен животот или здравјето, поединечен орган или делови на телото или здравјето, односно кај кои за кратко време би можело да дојде до загрозување на животот или здравјето.

### Член 3

Итните медицински мерки и постапки се спроведуваат на местото на настанот, за време на транспортот во возилото на итната медицинска помош и/или во друга просторија на јавната здравствената установа.

### Член 4

(1) Дејноста на итната медицинска помош ја врши посебна внатрешна организациона единица формирана во рамки на јавната здравствена установа која врши здравствена дејност на примарно ниво на здравствена заштита(во натамошниот текст: служба за итна медицинска помош).

(2) По исклучок од став (1) на овој член, службата за итна медицинска помош дејноста на итната медицинска помош, ја врши

во соработка со избраните лекари со кои јавната здравствена установа која врши здравствена дејност на примарно ниво на здравствена заштита има склучено договор за приправност.

Член 5

(1) Службата за итна медицинска помош од член 4 став (1) од овој Правилник, ги врши следните работи на итна медицинска помош:
- укажување итни здравствени услуги и /или транспорт на на лица на кои поради болест, медицинска состојба или повреда непосредно им е загрозен животот или здравјето, поединечен орган или делови на телото или здравјето, односно кај кои за кратко време би можело да дојде до загрозување на животот или здравјето, на местото на кое настапила потребата од итно медицинско згрижување и/или во текот на транспортот во превозното средство, односно возилото за итна медицинска помош со преземање на мерки за реанимација и интензивна нега до местото на најблиската соодветна здравствена установа заради згрижување и лекување, акутен третман, рехабилитација и реинтеграција, како и друг вид поддршка чие неизвршување за кусо време би можело да предизвика непоправливо и тешко оштетување на здравјето на пациентот , и
- итна медицинска помош во простории на здравствена установа.
(2) Работите на итната медицинска помош од став (1) на овој член, службата за итна медицинска помош ги врши непрекинато 24 часа дневно.

Член 6

(1) Работите на итната медицинска помош ги врши службата за итна медицинска помош на чие подрачје настапила потребата од итно медицинско згрижување.
(2) Ако службата за итна медицинска помош од став (1) на овој член, заради природата на несреќата не е во состојба или не е воможност да ја даде потребната итна медицинска помош, службата за итна медицинска помош бара помош иучество во давање на итната медицинска помош од најблиската служба за итна медицинска помош, која е должна да го прифати барањето.

Член 7

Службата за итна медицинска помош, откако ја извршила интервенцијата на местото на кое настапила потребата од итно медицинско згрижување ги транспортира повредените, односно болните лица по најкраткиот пат до најблиската здравствена установа каде има можности да биде продолжена постапката на лекување секогаш кога лекувањето треба да се продолжи, а нема

услови и можности лекувањето да се продолжи на местото на кое настапила потребата од итно медицинско згрижување.

Член 8

(1) Вработените во службата за итна медицинска помош работите на итната медицинска помош ги вршат со полно работно време од 40 часа неделно, при што користат дневен одмор од најмалку 12 часа непрекинато во текот на 24 часа и неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато.
(2) Работите на итната медицинска помош во службата за итната медицинска помош се вршат во три смени во текот на 24 часа, при што првата смена е период меѓу 06:00 и 14:00 часот, втора смена период меѓу 14:00 и 22:00 часот и трета смена период меѓу 22:00 часот и 6:00 часот наредниот ден.
(3) По исклучок од став (2) на овој член, работите на итната медицинска помош во службата за итната медицинска помош можат да се вршат во две смени во текот на 24 часа, при што првата смена е период меѓу 06:00 и 18:00 часот и втора смена е период меѓу 18:00 и 06:00 часот наредниот ден, во случај на ист или поголем обем на работа, а намален број на вработени во службата за итна медицинска помош што го нарушува нормалното работење поради нивно отсуство во случај на привремена спреченост за работа поради болест, повреда или во други случаи; остварување на право на годишен одмор и правото на платен одмор заради лични и семејни околности и правото на неплатено отсуство во согласност со прописите од областа на работните односи и здравственото осигурување и колективниот договор. Вршењето на работите на итната медицинска помош во службата за итната медицинска помош во две смени престанува кога ќе престанат причините за таквиот начин на организирање на работата, кое не може да трае подолго од два месеца во текот на една година.
(4) Вкупното траење на една смена на тимот за итна медицинска помош се продолжува најмногу за четири часа дневно доколку работникот се чувствува способен за продолжување на започнатата работа и не трае подолго од 12 часа , при што тимовите за итна медицинска помош можат да работат прекувремено до 8 часа неделно, но не повеќе од 190 часа годишно.

(5) Вработениот во тимот на итна медицинска помош продожува со работа согласно став (2) на овој член:
-поради зголемен обем на работа;
-ако вработениот што го заменува не се појави на работното место и не ја преземе смената;
-поради штрајк организиран од синдикатот кога вработените имаат обврска да овозможат потребен минимум неопходен работен процес, и
-други вонредни и непредвидливи настани.
(6) По исклучок од став (2) на овој член, вработениот во тимот на итна медицинска помош продожува со работата во услови на природна или друга несреќа и таквата работа може да трае додека е неопходно да се спасат човечките животи, да се заштити здравјето на луѓето и да се спречи непоправливата материјална штета.

### Член 9

(1) На вработените во службата за итна медицинска помош не им е дозволено:
-да бараат од другите вработени и/или од претпоставените работници во службата заменување на смените предвидени со распоредот за работа за соодветниот месец со други вработени во службата во вршењето на нивните работни должности,
-да прифатат барање од другите вработени во службата за заменување на смените предвидени со распоредот за работа за соодветниот месец со други вработени во службата во вршењето на нивните работни должности,
-да договараат со другите вработени во службата заменување на смените предвидени со распоредот за работа за соодветниот месец со други вработени во службата во вршењето на нивните работни должности, и
-да вршат заменување на смените предвидени со распоредот за работа за соодветниот месец со други вработени во службата во вршењето на нивните работни должности.
(2) По исклучок од став (1) на овој член, вработените во службата за итна медицинска помош можат да побараат од раководителот на службата заменување на смените најмногу двапати во текот на еден месец, во случај доколку настапат причини чија оправданост ја оценува раководителот на службата и дава писмена согласност, при што раководителот на службата со месечен писмен извештај до директорот на јавната здравствена установа известува за сите одобрени заменувања на смени во месецот.

(3) Како причини за барањето од став (2) на овој член не се сметаат отсуството во случај на привремена спреченост за работа поради болест, повреда или во други случаи; правото на дневен и/или годишен одмор и правото на платен одмор заради лични и семејни околности и правото на неплатено отсуство, кога вработените во службата за итна медицинска помош своите права од работен однос ги остваруваат во согласност со прописите од областа на работните односи и здравственото осигурување и колективниот договор.

(4) Во случајот од став (2) на овој член, вработените во службата за итна медицинска помош на кои им било одобрена замена на смените предвидени со распоредот за работа за соодветниот месец, своите работи и работни задачи кои требале да ги извршат во рамки на смените предвидени со распоредот за работа ги извршуваат во рамки на друга смена, односно смени во текот на истиот месец со цел работа со полно работно време.

Член 10

(1) Работите на итната медицинска помош во службата за итната медицинска помош се вршат тимски, во тимови составени од доктори на медицина и/или медицински сестри, кои обезбедуваат вршење на здравствената дејност на местото на настанување на потребата од итно медицинско згрижување и кога е потребно, со користење на превозно средство, односно возило на итна медицинска помош.

(2) Со превозното средство, односно возилото на итна медицинска помош управува возач, кој за потребите на тимот за итна медицинска помош врши и помошно-технички работи и тоа особено помага во безбедно извлекување и пренесување на повредените, односно заболените од местото на настанување на потребата од итна медицинско згрижување до возилото на итната медицинска помош, сместување во возилото на итната медицинска помош и изнесување од возилото на итната медицинска помош.

(3) Во рамки на службата за итната медицинска помош се формира тим за итна медицинска помош, тим за санитетски превоз, тим за приправност и тим за прием на повици.

(4) Тимот за итна медицинска помош е составен од доктор на медицина со обука од областа на итната медицински помош и медицинска сестра со обука од областа на итната медицинска помош.

(5) Тимот за санитетски транспорт е составен од медицинска сестра

со обука од областа на итна медицинска помош, за чии потреби помошно-техничките работи ги врши возач со обука од областа на итната медицинска помош.
(6) Тимот за приправност е составен од доктор на медицина со обука во областа на итна медицинска помош и медицинска сестра со обука од областа на итна медицинска помош, за чии потреби помошно-техничките работи ги врши возач со обука од областа на итната медицинска помош.
(7) Тимот за прием на повици е составен од доктор на медицина со обука од областа на итна медицинска помош и најмалку три години работно искуство во тим за итна медицинска помош и медицинска сестра со обука од областа на итна медицинска помош и најмалку пет години работно искуство во тим за итна медицинска помош.
(8) Посебните услови што докторот на медицина, медицинската сестра и возачот, треба да ги исполнат, се утврдуваат со актот за систематизација на работните места на јавната здравствена установа која врши здравствена дејност на примарно ниво на здравствена заштита, во чиј состав е формирана службата за итна медицинска помош.

Член 11

(1) Докторот на медицина во тимот за итна медицинска помош врши преглед, спроведува дијагностички постапки, одредува и применува терапија и ја координира работата на другите членови на тимот.
(2) Доколку е потребно да се продолжи со лекување на болниот, односно повредениот, тимот на итната медицинска помош го транспортира болниот, односно повредениот од местото каде што е извршена интервенцијата до здравствена установа.
(3) Тимот за санитетски транспорт врши превоз на болниот и/или повредениот од местото каде што настапила потребата од итно медицинско згрижување до здравствена установа, како и превоз на болниот и/или повредениот помеѓу две здравствени установи самостојно или во придружба на докторот на медицина кој барал итен транспорт на болниот, односно повредениот,
(4) Докторот на медицина во тимот за приправност врши преглед, спроведува дијагностички постапки, одредува и применува терапија и ја координира работата на другите членови на тимот.
(5) Тимот за прием на повици врши прием на повикот, го одредува степенот на итност на повикот, донесува одлука за потребата од итно медицинско згрижување, го упатува тимот за итна медицинска помош да изврши интервенција, одржува комуникација со тимот за итна медицинска помош кога се наоѓа во превозното средство, односно возилото на итната медицинска

помош, ја известува службата за ургентна медицина за доаѓањето на итниот пациент, соработува со службите за внатрешни работи, противпожарната служба и други соодветни служби и дава совети на лицето кое го упатило повикот за итна медицинска помош за одредена медицинска состојба, односно симптоми.
(6) Одлуката за потребата од итно медицинско згрижување ја донесува докторот на медицина во тимот за прием на повици. Во случај кога не се работи за потреба од итно медицинско згрижување, докторот на медицина во тимот за прием на повици го упатува пациентот до избраниот лекар.
(7) Работите на давање на итна медицинска помош од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, докторот на медицина во тимот за итна медицинска помош, тимот за санитетски транспорт, докторот на медицина во тимот за приправност и тимот за прием на повици, ги врши согласно протоколот донесен од страна на министерот за здравство.

Член 12

(1) За потребите на тимот за прием на повици се инсталираат најмалку две итни телефонски линии бр. 194 и најмалку една директна телефонска линија.
(2) Комуникацијата помеѓу тимот за прием на повици и тимот за итна медицинска помош кога се наоѓа во превозното средство, односно возилото за итна медицинска помош се врши со употреба на ТЕТРА (Terrestrial Trunked Radio-TETRA) комуникациски систем на начин утврден со протоколот за комуникација донесен од страна на министерот за здравство.
(3) Сите разговори поврзани со прием на повик за итна медицинска помош, примени од страна на тимот за прием на повици се снимаат и се архивираат на траен медимум.

Член 13

Членовите на тимовите кои работат во службата за итна медицинска помош носат медицинска униформа по ХТЗ стандард, означена со меѓународниот знак на итната медицинска помош и картичка за идентификација поставена на видно место.

Член 14

Во случај на вонредни околности, катастрофи и епидемии во широки размери, итната медицинска помош се организира за потребите на здравствената заштита во посебни услови во координација со Министерството за здравство.

Член 15

Итна медицинска помош, при спортски и други масовни настани се организира согласно договор помеѓу организаторот на настанот и службата за итна медицинска помош.

Член 16

(1) Докторите на медицина во тимовите за итна медицинска помош, за приправност и за прием на повици имаат успешно положен испит за теоретската основна обука со дадени точни одговори на најмалку 80% од сите прашања на тестот и успешно завршена практична основна обука согласно планот и програмата дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој Правилник, а во текот на работата во службата за итна медицинска помош успешно завршуваат обука за континуирано стручно усовршување што се спроведува еднаш на три години сметано од денот кога го положиле испитот за основната обука, во траење од 30 часа и тоа 15 часа теоретска и 15 часа практична обука, согласно планот и програмата дадени во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој Правилник.

(2) Медицинските сестри во тимовите за итна медицинска помош, за санитетски превоз, за приправност и за прием на повици имаат имаат успешно положен испит за теоретската основна обука со дадени точни одговори на најмалку 70% од сите прашања на тестот и успешно завршена основна практична обука согласно планот и програмата дадени во Прилог 3 на овој Правилник, а во текот на работата во службата за итна медицинска помош успешно завршуваат обука за континуирано стручно усовршување што се спроведува еднаш во две години сметано од денот кога го положиле испитот за основната обука, во траење од 50 часа и тоа 15 часа теоретска и 35 часа практична обука, согласно планот и програмата дадени во Прилог бр. 4, кој е составен дел на овој Правилник.

(3) Возачите кои управуваат со возилото на итната медицинска помош и вршат помошно-технички работи за потребите на тимовите имаат успешно положен испит за теоретската основна обука со дадени точни одговори на најмалку 70% од сите прашања на тестот и успешно завршена основна практична обука согласно планот и програмата дадени во Прилог 5, кој е составен дел на овој Правилник.

(4) Основната обука и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина, медицинските сестри и возачите од овој член ја спроведуваат со помош на едукатори определени од министерот за здравство, службите за итна

медицинска помош во Скопје, Битола, Штип и Тетово и медицинските факултети во Скопје, Штип и Тетово кои располагаат со простор и опрема дадени во Прилог 6, кој е составен дел од овој Правилник и имаат овластување од министерот за здравство. Практичната обука се спроведува во форма на обука на работно место во ургентните центри во Република Македонија преку активно вклучување со полно работно време во планот за работа и дежурства и во Медицинскиот симулациски центар преку обука на опрема која симулира патолошки состојби на човекот и овозможува проверка на стекнатите вештини преку дијагностички и терапевтски интервенции извршени на опремата.

### Член 17

(1) Службата за итна медицинска помош работите на итната медицинска помош ги врши со помош на превозни средства кои имаат технички карактеристики што се во согласност со меѓународните стандарди EN 1789 и имаат медицинско-техничка опрема која овозможува давање на итна медицинска помош во согласност со стандардите за БЛС (BLS-Basic life support) и истата е дадена во Прилог бр. 7, кој е составен дел на овој Правилник.

(2) Возилата за итна медицинска помош се опремени со лекови за давање на итна медицинска помош, согласно Прилог бр. 8, кој е составен дел од овој Правилник.

(3) Службата за итна медицинска помош работите на итната медицинска помош ги врши со најмалку онолку возила за итна медицинска помош колку што има тимови за вршење на работите на итна медицинска помош.

### Член 18

(1) За вршење на работите на итната медицинска помош се води посебна евиденција особено за примање на повик за укажување на итна медицинска помош; извршена тријажа; извршена интервенција од службата за итна медицинска помош; предавање и прием на пациентот по извршен транспорт од службата за итна медицинска помош; известување за извршена интервенција на тимот за итна медицинска помош и за примопредавање на превозното средство, односно возилото и опремата во превозното средство, односно возилото на итна медицинска помош.

(2) Податоците потребни за евиденцијата од став (1) на овој член, се внесуваат во образецот за примање на повик за укажување на итна медицинска помош; извршена тријажа; потврда за извршена

интервенција од службата за итна медицинска помош; потврда за предавање и прием на пациентот по извршен транспорт од службата за итна медицинска помош; известување за извршена интервенција на тимот за итна медицинска помош и потврда за примопредавање на превозното средство, односно возилото и опремата во превозното средство, односно возилото на итна медицинска помош, кои се дадени во Прилог бр. 9, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 19

Обрасците се пополнуваат во два примерока, од кои едниот за потребите за евиденција ги задржува службата за итна медицинска помош, а другиот е составен дел од медицинската документација на пациентот кој ги користел услугите на службата за итна медицинска помош.

Член 20

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Министер
Никола Тодоров